Не се случило само она што не било во весниците

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 140

Март 2024 г.

цена 20 денари,

**Ристо Лазаров, поет**



## Животот е поетски предизвик, низ него не треба да се минува мижејќи

Quehenberger logistics

ЈУКИТ-ГО Маркети

AKTIVA

БОРОВ ДОЛ BOROV DOL

БУЧИМ

**Благој БОЧВАРСКИ, министер за транспорт и врски**



## Штип го подготвуваме за вистински центар и крстосница на истокот

**Иван Бојаџиски:**

## На „Македонка“ со почит, зашто таа е изворот на сè добро во Штип

**Прим. д-р Цветанка Манева Самарџиска**



## Го остваруваме мотото „Ние, Вие и здравјето“




## 100 години аеро клуб Штип, прв штипски пилот Борис Бојаџиски



## Актива ДОО на пазарот на НАТО вреден 5 милијарди долари

TeleKabel everywhere

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

Иван Бојаџиски



# На „Македонка“ со почит, зашто таа е изворот на сѐ добро во Штип

На 14 јуни годинава се навршуваат 73 години од моментот кога Владата на Народна Република Македонија донесе одлука за основање претпријатие-фабрика за памучни ткаенини со седиште во Штип. Веќе на 6 април 1952 година Работниот колектив ја прими на управување предилницата за памук, а 24 дена подоцно, односно на 1 мај истата година, Памучната индустрија беше предадена на управување на работниците и со тоа на дело стапи работничкото самоуправување. Кон овие денови, години и настани ме водат сеќавањата бидејќи, според новинарската работа која ја работам без прекин цели 62 години, добро знам дека „Македонка“ е драгоцениот извор на се добро што му се случуваше на нашиот Штип. Таа е тој мал извор од кој тргнува секоја голема река која потоа носи благодет и просперитет на една заедница.

И додека одвреме-навреме мислите ме водеа кон „Македонка“ и нејзината историја и значење за градот и општината, можеби и поради тоа што и јас таму во 1961 година ја започнав новинарската кариера, почесто го гледав споменикот на работникот кој со чекан в рака гордо стои на видно место, на педесеттина местри пред влезот во фабриката. Споменикот е во чест и слава на работникот, на трудот негов, и е дело на скулпторот и испосник Мијалче Парнаџиев.

И баш споменик кој испишува најубав дел од нашата историја, со секој изминат ден пропаѓаше пред наши очи. Обраснат во висока трева и трње одддаваше слика за една наша голема немарност кон сопственото минато и нашите најголеми вредности кои сме ги создавале низ историјата на нашето постоење. А една од тие најголеми вредности секако беше (и останува) работникот и неговиот труд на кој му е посветен овој паметник.

Во договор со Здружението на граѓани Акцијаши волонтери одлучивме да ја „поправвиме штетата“. Да го средиме споменикот, да го уредиме теренот околу него, да ставиме табла со неколку најважни информации и во чест на 1 мај да се собереме и да му оддадеме должна почит на работникот и на трудот.

Зошто тоа ни е важно или барем треба да ни е важно на сите кои живееме во овој наш убав град?

Затоа што со почетокот на работата на „Македонка“ започна и силната индустријализација на градот. Затоа што „Македонка“ во годините на нејзиното постоење со близу 6.000 работници, издвојуваше најмногу финансиски средства кои одеа во Општинскиот солидарен фонд за изградба на станови за работниците. Дел од тие пари беа од солидарноста на работниците, а дел од профитот кој го остваруваше фабриката. „Македонка“ беше и најголемата кадровска база која даде вредни и способни стопанственици кои подоцна застана на чело на големи и мали стопански колективи испишувајќи ги сите успеси на нашата општинска економија. Без „Македонка“ Штип каков што го имаме денес, немаше да постои.

„Македонка“ ги даде и првите ударници зашто трудот на работникот во сите погони на фабриката од двете предилници преку облагородилница до ткајачница и фабриката за џинс беше врвна светост во сите години на нејзиното работење.

Но, треба тука и за сите времиња да се нотира дека овој штипски, македонски и во тоа време југословенски индустриски гигант беше многу повеќе од само обична фабрика која произведува само текстил.„Македонка“, по многу други нешта беше уникатна и, како таква, го испиша најквалитетниот дел од нашата историја.

Фабриката имаше најголемо културно-уметничко друштво со народен оркестар, мал и голем забавен оркестар, оркестар на мексиканска музика, со пејачки имиња како Марија Арсова и Христо Крстевски кои нешто значеа во македонската музика. Со народниот оркестар раководеше Илми Јашаров, со забавниот Киро Стоев, и двајцата легенди кои историјата на градот ги памети. КУД „Македонка“ правеше игранки во големата сала во населбата со име како и на фабриката, па ако на тие младински забави меѓу двајца млади, момче и девојка, ќе се родеа некакви чувства, се создаваа бракови и градот го зголемуваше бројот на своите жители.

„Македонка“ може да биде гордост на Штип и како фабрика која ги втемели највисоките стандарди на фабричкиот печат. Таа имаше редакција од седум професионалци кои издаваа месечен весник, неделен билтен,а преку радио станицата секојдневно лиферуваа важни информации зашто во фабриката владееше правилото дека „работникот мора да биде информиран“.

Долга е позитивната приказна на и за „Македонка“. За тоа треба да се напише една книга од повеќе стотици страници. Но, за овој текст ќе кажам само уште тоа дека токму од овој колектив произлегоа дури четворица градоначалници (претседатели) на Општината. Тоа беа тројцата нејзини генерални директори Љупчо Тиквешански, Љупчо Кангалов и Борислав Самоников, а кадар на фабриката беше и Трајчо Спасов. Конечно, своите први години на раководни места во „Македонка“ ги поминаа и Михајло Нетков кој подоцна го создаде МК „Астибо“ како и Трајчо Спасов кој го создаде моќното производно-трговско претпријатие „Макпромет“.

Сето ова немаше да биде можно без квалитетните работници кои рушеа норми на месечна основа, на квалитетниот кадар на сите нивоа. А во нивна чест е изграден споменикот кој пропаѓаше се додека некој не се сети на него и вредни активисти од граѓанскиот сектор не решија да ја поправат штетата..

# Тврдината Исар е во лоша состојба, се трага по финансиски средства за конзервација и реставрација

Средновековната тврдина Исар е еден од значајните белези и заштитен знак на Штип која е сместена во западниот дел на градот. Исар е карпест рид возвишен на 150 метри над нивото од река Брегалница, опкружен е со стрмни падини, на западната страна со коритото на Брегалница, а на јужната со коритото на Отиња. На самиот врв има нерамно плато, 200 метри издолжено во правец север-југ, оградено со остатоци од темели на бедем, прилично добро зачуван, со неколку одбранбени кули.

-Тврдината не е во најдобра состојба бидејќи со тек на време ѕидовите се поткопани и се во лоша состојба од (не)времето па е можно да дојде до руинирање на ѕидните платна и да се направи поголема штета по околните објекти, односно куќите под Исарот, вели д-р Мите Штерјов, директор на Заводот за заштита на споменициите на култура.



Од 2008 до 2011 година се вршени систематски археолошкли истражувања при што целосно беше истражен акрополот-највисокиот врв, а при тие истражувања беа откриени и повеќе објекти како двете цистерни, централната кула која ги поврзува северни и јужен дел од акрополот, а е откриена и еднокорабна црква која се поврзува со култот за 40 маченици кога на денот на проелтата маса народ се искачува на врвот на Исарот и ја следи приказната за 40 каменчиња.

-После истражувањето изготвен е проект за конзервација и реставрација на тврдината. Но, тоа е работа која бара сериозни финансиски средства кои нашата институција ги нема. Ние конкурираве кај повеќе фондации, министерства, амбасади и секој момент очекуваме позитивен одговор. Фак е дека тврдината е во лоша состојба оти со тек на време ѕидовите се поткопани од времето-невремето и може да дојде до руинирање на ѕидните платна и да се направи поголема штета по околните објекти куките под исарот, укажува Штерјов.



Во 2006 година се вршени конзерваторски интервенции на кулата Дон Жон која е главна кула,а на другите кули на акрополот е потребна што поитна интервенција.

***Заводот музеј Штип има идеен проект да се направат скали од црквата „Свети Власие“ до акрополот (врвот) на тврдината и тие скали да се поврзат со скалите покрај споменик на револуцијата, а се во служба на подобра туристичка комуникација на Исарот.***

Според директорот Штерјов Заводот за заштита на спомениците на култура и музеј Штип има покренато постапка за дисплоцирање на двете антени и крстот кои се на Исарот, а кога ќе се започне со градежните работи на тврдината истите ќе бидат отстранети. Со тоа ќе се добие пристоен објект - видиковец кој ќе привлекува туристи и граѓани кои ќе сакаат да ја видат тврдината од самиот нејзин врв и да „фрлат“ опоглед на Штип и околината.

Треба да се истакне и тоа дека во 2019/2020 година се вршени конзерваторски работи на црквата „Свети Власие“ која беше откриена со археолошките истражувања реализирани во 2011 година со средства од проект за меѓугранична соработка со Бугарија. Тогаш црквата беше откриена, а потоа со соодветен проект и конзервирана. Заводот музеј Штип има идеен проект да се направат скали од црквата „Свети Власие“ до акрополот (врвот) на тврдината и да се поврзат со скалите кои водат покрај споменик на револуцијата, а се во служба на подобра туристичка комуникација на Исарот.

Со Благој **БОЧВАРСКИ**, министер за транспорт и врски

# Штип го подготвуваме за вистински центар и крстосница на истокот, европски град кој ќе го повлече целиот регион напред




**Бочварски**

Во минатиот број на весникот објавивме интервју со Никола Мицевски, шеф на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, а во врска со претстојните избори. Во овој број интервју правиме со екс градоначалникот на Штип и актуелен министер за транспорт и врски Благој Бочварски.

**Г-дин Бочварски кој е Вашиот поглед на Вашето работење во периодот кога бевте градоначалник на Штип и министер за транспорт и врски?**

Особено ми е драго што во изминатите години посветено работиме и придонесуваме за развој на Штип и штипскиот регион, а јас како граѓанин на Штип сум особено горд што од Штип направивме развиен, регионален, економски центар на Истокот. Од регион кој беше запоставуван изминатите децении, денеска Штип и целиот регион е поврзан преку нови експресни патишта, со модерна патна мрежа и со многу реализирани капитални проекти кои носат развој на градот и бенефит за граѓаните.

Убеден сум дека моите сограѓани будно го следат напредокот на градот преку големиот број инвестиции кои ги реализираме во Штип. Ниту една мината Влада не вложувала повеќе во овој регион, а резултатот е очигледен.

**Од овој Ваш одговор се наметнува прашањето-што е тоа што го одбележува инвестицискиот циклус во регионот?**

Навистина имаме многу што можеме да наброиме. Би сакал да потенцирам за изградбата на експресниот пат од Штип до Радовиш кој даде економски развој на Штип и Југоисточниот регион. Добивме нова квалитетна патна врска со која ја подигнавме безедноста и ги елиминиравме црните точки, посебно Пилав Тепе каде претходно се случуваа многу сообраќајни незгоди. Со овој пат покажавме како треба да се гради, квалитетно и пред крајните рокови кои беа зададени за реализација. Би го спомнал и експресниот пат кон Кочани со кој значително го подобривме сообраќајот на Истокот, и денес наместо патишта од 19 век имаме модерни експресни делници, кои обезбедуваат полесно поврзување за граѓаните, развој на бизнисите отворање на нови работни места, а токму тоа го потврдуваат и инвеститорите и раководството во ТИРЗ зоната. И токму поради ова ми е особено драго што црните точки по патиштата во истокот ги сведовме на минимум.

Исто така, преку Министерството за транспорт и врски инвестираме 1,1 милион евра за подобрување на локалната патна инфраструктура во Штип. Ја подигнавме безбедноста за сообраќај кај крстосницата во населбата Сењак, ја рехабилитиравме улицата Панче Караѓозов, улиците 5-ти Конгрес, Браќа Даневи и Солидарност исто така ги рехабилитираме преку министерството со кое раководам.

Дополнително ги подготвуваме за реконструкција и улиците Широк Дол, улица Христијан Тодоровски Карпош и ул. АСНОМ со крак 1 и крак 2. Очекувам градежни активности на овие улици да започнат годинава.

Исто така сведоци сте дека извршивме и комплетна реконструкција на транзитот во Штип од Кампус 4 до Алумина, позади Црквата Св. Никола и во штипско Ново Село, со инвестиција вредна над 1 милион евра, а за оваа година планираме да го рехабилитираме регионалниот пат од Штип кон Карбинци.

Друго што сакам да спомнам е дека во делот на комуналнаата инфрструктура завршивме со изградба на водовод за населбите Блок 77 и Каваклија, изградивме систем за водоснабдување на населба Македонка, поставивме огради на кеј на река Отиња, конзоли на реката Отиња за што вложивме преку 600 илјади евра.

Имавте вложувања во поквалитетно патно поврзување со Леновскиот манастир..

Да, нои предто сакам да најавам дека планираме и изградба на социјална зграда во Штип. Што се однесува до вашето прашање можам да кажам дека секогаш кога го посетувам Лесновскиот манстир кој реално е честа дестинација на христијаните, се радувам

бидејќи дадов личен придонес во реализација на деценискотo барање на граѓаните и на Брегалничката епархија за реконструкција и проширување на овој патен правец. Денес верувам дека е зголемен бројот на верници кои го посетуваат еден од најубавите Манастири во Македонија преку побезбедна патна врска. Овде би го споменал и патниот правец кон Пониква како важна туристичка дестинација, пат кој не беше реконструиран од неговата изградба.

Едноставно, работиме и реализираме проекти кои носат силен бенефит за граѓаните, проекти со кои обезбедуваме подобра иднина за сите. Тоа е нашиот фокус.

**Основно прашање за секој политичар е зошто влегол во политиката. Вие на релативно млади години станавте политичар, па прашањето ми е со ко и какви амбиции го направивте тој потег?**

Ова ви е добро прашање. Искрено ќе кажам дека во политиката влегов затоа што сакав да се вложам силно, и да дадам свој придонес за Штип, за Македонија, и за граѓаните. Сакав да оставам инфраструктурен белег и да ги демантирам сите скептици дека политичарите во политиката влегуваат да поминат еден или два мандати и да не направат речиси ништо. Сакав да покажам и да оставам аманет за идните генерации политичари дека влегувањето во политиката не е привилегија туку огромна обврска. Затоа се зафатив со проектот за изградба на брана на река Отиња која изгледаше како вечно нереализирано ветување на многу генерации политичари. И докажав дека еден од најкомплексните и најграндиозни објекти може да биде реалност за градот и граѓаните. И еве, за неполни две години ја изработивме целата документација, а потоа обезбедивме средства и започнавме со изградба. Сега нејзината изградба е веќе реалност, браната се гради со силно темпо и тоа веќе може да се забележи на терен.

***Браната на реката Отиња ми е важна не затоа што Благој Бочварски бил градоначалник на Штип или е министер, туку затоа што таа е реална потреба на градот и жителите и ова е проект за кој во Штип се зборува повеќе од четири децении. Покрај основната функција тоа ќе биде место и за рекреација на штипјани, но и други граѓани од државата. Ќе биде можност за иден развој на градот во наредните години и децении. И затоа сите треба да бидеме горди на овој капитален проект без разлика на која партија припаѓаме.***

**Зошто браната на Отиња вам ви е толку важна?**

Затоа што станува збор за исклучително значаен капитален проект за целиот град и овој регион. Важна ми е не затоа што Благој Бочварски бил градоначалник на Штип или е министер, туку затоа што оваа брана е реална потреба на градот и жителите и ова е проект за кој во Штип се зборува повеќе од четири децении. Покрај основната функција тоа ќе биде место и за рекреација на штипјани, но и други граѓани од државата. Ќе биде можност за иден развој на градот во наредните години и децении. И затоа сите треба да бидеме горди на овој капитален проект без разлика на која партија припаѓаме.

**Еден цел мандат бевте градоначалник на Штип, кои се конкретните остварување во тоа „ваше време“?**

Кога зборуваме за реализација на ветеното, веќе спомнав дел од конкретните достигнувања во



**Бочварски на терен**

Штип кои се видливи и корисни за граѓаните и заедницата. Во нецел мандат како градоначалник околу три години успеав да реализирам проекти кои се од значење за Штип, а кои граѓаните со децении ги бараа.

После повеќе од триесет години, Штип доби нова детска градинка, која ја изградивме во населба Сењак. После повеќе од 60 години, изградивме нов мост на река Брегалница. Мостот „Иднина“ ги поврза новите населби од градот и придонесе да се растерети сообраќајниот хаос кој се создаваше секојдневно пред и после работното време во фабриките. Изградивме нов, современ кружен тек кај „Алумина“ со нова улица. Изградивме две паркинг платформи и обезбедивме повеќе од осумдесет нови паркинг места во централното градско подрачје. Изградивме нова водоводна линија во населба Балканска, каде жителите конечно добија чиста вода за пиење. Ги реконструиравме сите постоечки училишта и градинки, како и спортските сали во училиштата. Реконструиравме многу улици, обезбедивме и нова пешачка инфраструктура на повеќе локации во градот, осветлување на двата влеза од Скопје и влезот во градот од југ кон штипско Ново Село. Спортот го вративме на спортистите, направивме нов модел на поддршка кој

опфаќаше најголем број на клубови и спортски работници. Тоа се дел од бројните успеси кои ги оствариме за Штип. И ова е реалноста. Денес за жал можеме да констатираме дека не само што нема конкретни и корисни нови постигнувања во градот, туку и она што е реализирано во минатото се запоставува и не се одржува. Нема никакви најави за нови градинки и значајни проекти кои ќе го подобрат локалниот развој, но затоа она што одекна во јавноста со злоупотребата на нафта во училиштата ме загрижува дека повторно излегуваат старите навики на виделина од страна на ВМРО-ДПМНЕ.

Сакам да ги уверам граѓаните, дека и СДСМ но и јас лично ќе продолжам со сите напори да работам за Штип и за регионот да се развиваат во вистинска насока.

**Како Вие гледате на иднината на Штип?**

Веќе е трасиран патот за идниот развој на Штип и регионот околу Штип. Спомнав дека изминатиот период создадовме погодна инфраструктура за севкупен развој на градот и горд сум и што од позиција на министер сериозно се вложувам за да го подобрам животот во Штип.

Како што вели и нашиот претседател, нема недостижна цел. Проектите што ги реализирав како градоначалник а потоа огромната поддршка што ја овозможував преку централната власт е мојот влог за овие и идни генерации штипјани.




Брана на реката Отиња

***Во политиката влегов затоа што сакав да се вложам силно, и да дадам свој придонес за Штип, за Македонија, за граѓаните. Сакав да оставам инфраструктурен белег и да ги демантирам сите скептици дека политичарите во политиката влегуваат да поминат еден или два мандати и да не направат речиси ништо.***



Автопатишта

Денес живееме во демократско општество каде секој може слободно да зборува и да критикува за разлика од минатото кога живеевме во режимот на ВМРО ДПМНЕ. Затоа денес кога слушам критика за едната и за другата страна, јас лично тие критики ги гледам како шанса да не направат посилни пред се како општество. Искрено се радувам на секој еден проект за градот, кој го гледам како успех за штипјани. Драго ми е што Штип во последните 6 години економски зајакна, платите во текстилните, но и во сите останати сектори повеќе не се 8 илјади денари, и драго ми е што трудот на работникот се вреднува на едно многу повисоко ниво. Градот инфраструктурно се разви, а урбано полека добива нов лик, практично Штип го подготвуваме за вистински центар и крстосница на истокот, европски град кој ќе го повлече целиот регион напред. Затоа продолжуваме напред, нема откажување од иднината, не чека уште многу работа за подобро утре на граѓаните.

# „Актива“ доо со сертификат за работа за НАТО чиј пазар е во годишна вредност од 5 милијарди долари


Министерката Петровска во халите на Актива доо

Да се работи за најголемата одбранбена организација во светот, а тоа е НАТО чија членка е и нашата Македонија, секако е сон на секоја компанија. Во нашата држава 44 фирми имаат сертификат од НАТО за пристап и работење за неговиот пазар што е доказа дека тие компании со севкупноста на своите капацитети се способни да извршуваат работи за потребите на алијансата.

Меѓу таквите компании прва и засега единствена од нашиот град е „Актива“ доо на која сертификатот и го предаде министерката за одбрана Славјанка Петровска.Таа, при посетата на „Актива“ доо и прошетката низ фабричките погони јавно го изрази своето воодушевување од тоа како денес изгледа оваа компанија со големината и уреденоста на работните хали, кадровскиот потенцијал, оспособените работници, примената на најновите технологии во производството и вложувањата во роботизацијата на работата.

–Воодушевена сум од она што денес го видов во производствените капацитети на оваа компанија. И како што реков, чест мие е што од 28 февруари и штипска „Актива“ е веќе сертифицирана и може да учествува на НАТО пазарот, рече Петровска. На почетокот на март, годинава имавме успешна средба со претставници на НАТО Агенцијата за набавки и со македонски компании, при што беа презентирани можностите, како македонските компании можат да учествуваат во набавките и во НАТО Агенцијата и на НАТО пазарот. Тој пазар е многу голем и е одлична шанса за развојот на македонската економија, рече министерката Петровска.

Таа посочи дека позитивниот пример на „Актива“ доо ќе го даде како пример и за останатите компании во Република Северна Македонија, кои досега не пристапиле до Министерството за одбрана за нивна регистрација на НАТО пазарот да го искористат како успешен пример. За работа за тој голем пазар можат да учествуваат фирми од разни стопански сектори.

– И втората можност со која што во наредниот период уште повеќе Министерството за одбрана ќе се потруди да им помогне, а тоа е преку испраќање на свој претставник во НАТО Агенцијата за набавки и да им го овозможи пристапот до НАТО пазарот. НАТО пазарот е многу голем, тој а над пет милијарди евра на годишно ниво, и тука е можноста секоја од гранките кои ги имаме да се пријават и да учествуваат. Свесни сме дека тој НАТО пазар е предизвикувачки, бара исполнување на високи стандарди и критериуми, а списокот со македонски компании може да се проширува, а тоа зависи од самите нив.

За Штип тоа значи дека сите компании, вклучително и оние од секторот текстилна индустрија, можат да бараат да бидат на списокот за учество на НАТО пазарот, под услов да ги исполнуваат пропишаните услови и критериуми на алијансата.

Иле Николов, првиот човек на „Актива“ доо порача дека нивната компанија добива уште една можност за докажување на овој сериозен пазар.

–Цениме дека покрај досегашните сериозни партнери коишто ги имаме од Европа и пошироко дека и овој дел, овој сегмент што сега го добивме како сертифика,за да може да учествуваме на тендерите на НАТО пазарот ќе биде уште една можност да се докажеме и на овој пазар за којшто министерката кажа дека е доста сериозен, доста голем и се надевам дека со нашиот производен програм ќе можеме да се вклучиме во еден дел од потребите за НАТО индустријата, рече Николов.

Во однос на ситуацијата со белгиската Ван Хоол, најголемата компанија за производство на автобуси во Европа за која се пишува дека банкротирала, а за чии автобуси работи и „Актива“ доо, Николов вели дека нема место за грижа во поглед на иднината туку напротив:

-Две години наназад Ван Хоол прави планови за селење на производството на автобуси во Македонија и тоа во нивната фабрика во Скопје. Тој концепт сега е во фаза на реализација. Во фабриката во Скопје ќе има поголемо производство со што и ние ќе добиваме поголеми нарачки за делот кој го правиме за автобусите, а за тој потфат ние сме подготвени, рече Иле Николов.

# МИРАКОВСКИ: Наша одговорност е да направиме сè за младите да сакаат да ја градат својата иднина тука како би ѝ помогнале на татковината

## *Универзитетот „Гоце Делчев“ одбележа 17 години постоење*

Во свечена атмосфера како што доликува на значењето на настанот Универзитетот „Гоце Делчев“ ја одбележа 17 годишнината од формирањето. Во преполнетиот Мултимедијален центар пред присутните се обрати ректорот, проф.д-р Дејан Мираковски. На почетокот ректорот спомна дека Југоисточниот дел на Македонија веќе седумнаесет години е центар на современото високо образование. Центар во кој се вкрстуваат точките на квалитетната и применета едукација, сериозни научни потфати и современи пристапи.




***Ректорот проф.д-р Дејан Мираковски***



***(од лево) пратеничката Рамбабова, министерот Бочварски, ректорот Мираковски, градоначалникот на Штип Јорданов***

Донесуваме инсерти од инспиративниот говор на првиот човек на УГД:

-Овој пат, кон денес веќе успешен млад Универзитет, не беше лесен. Истиот подразбираше многу труд, пожртвуваност, но и верба дека само со упорност и одговорна работа, поставената цел може да се достигне. Вложен е сериозен човечки потенцијал, умствен и физички напор, надополнет со чувство на гордост, дека се гради и создава значајна вредност, како за регионот, така и за државата во целина. Сакам да ја искажам благодарноста и достојната почит на сите претходни раководства, на професорскиот, административниот и техничкиот кадар за нивната пожртвуваност и желба УГД да стане ad exemplum (пример) за сериозна и посветена високообразовна институција.

Свесни сме дека одливот на младите е еден од најсеризоните предизвици пред кои е исправена државата. Наша е одговорноста да направиме сè за младите да сакаат да ја градат својата иднина тука, да вложуваат во себе и своето знаење, како би ѝ помогнале на татковината да зацрепне и цврсто да стои на нозе. Токму затоа УГД започна програма на соработка со средните училишта во рамки на која редовно ќе ги посетуваме младите средношколци со цел развој на нивните знаења и вештини преку обуки, работилници и други формати кои ги префрираат. Ваквиот потфат е наш придонес кон обидот со тек на време, младите и умни луѓе да ги задржиме тука, да им дадеме шанса да го развијат и вложат својот потенцијал во иднината на својата земја. Искрено се надевам дека ќе успееме.

Универзитетот „Гоце Делчев“ се стреми да биде достоен партнер на професорите и студентите и да им овозможи широка основа за напредок и развој. Одлуката за индивидуална финансиска поддршка на професорите за нивната научна работа, како и наградување на најдобрите студенти, стипендиите кои ги обезбедуваме и финансиските олеснувања, развојот на капацитетите, сето ова значи и поддршка на индивидуалниот професионален ангажман, во служба на колективното добро. Со тоа сакаме да потенцираме дека, колку повеќе вложувања во науката и најдбрите малди таленти, толку подобар квалитет и подобра позиционираност (ќе имаме).



***Признание од УГД за Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија***

Со гордост можеме да зборуваме за поставеноста на нашиот Универзитет во рамки на државата и регионот. Имено Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип стана полноправна членка на Меѓународната асоцијација на универзитети од Јадранско-јонскиот Регион, насловена „Униадрион“, која претставува меѓународна организација со главна цел да се промовира и зајакнува соработката меѓу универзитетите и истражувачките центри и да се негува прогресот на културата, науката, обуките и истражувањето во земјите од овој регион. Значајно е да кажеме и дека УГД неодамна стана и полноправна членка на Ректорскиот форум на Југоисточна Европа чија цел е промоција, ширење и подобрување на соработката и интеграцијата помеѓу универзитетите од Западнобалканските земји, како и промоција на европските политики во науката и високото образование, размена на добрите пракси, и зацврстување на соработката во заеднички проекти.



***Промовирани деветмина нови доктори на науки на УГД***



***Признанија и за најдобрите студенти***

Нашиот примарен фокус е креирањето прифатливи и солидни услови за студирање на нашите студенти, но и отворање канали за комуникација со голем број светски Универзитети на кои студентите би заминале во рамки на најразличните програми за размена. Со тоа сакаме да им го отвориме и покажеме патот на младите луѓе, движечката сила за иднината на нашата земја, за спознавање нови светови и стекнување подлабоки знаења и животни искуства. Преку широко разгранетата мрежа од над 400 соработки со универзитети од Европа и светот, Универзитетот „Гоце Делчев“ станува платформа за студентите кон светот на знаењето и науката, рече, помеѓу другото ректорот проф.д-р Дејан Мираковски.

# Го остваруваме мотото „Ние, Вие и здравјето“

***Разговор со Прим. д-р Цветанка Манева Самарџиска, основач, управител и сопственик на ПЗУ “Прим. д-р Самарџиски“***

Приватната здравствена установа „Прим.д-р Самарџиски“ е меѓу првите приватни здравствени установи отворени во нашиот регион. На смелиот чекор се одлучи **прим. д-р Цветанка Манева Самарџиска**, основач, управител и сопственик на истата. Со Манева-Самарџиска разговараме на важни теми од четврт век постоење и успешна работа на установата.

***Д-р Цветанка, ПЗУ ја отворивте во 1998 година и при отворањето објавите дека тоа го правите со цел да го унапредувате и подобрувате здравјето на вашите пациенти. Сега, речиси 26 години потоа, дали основната цел е остварена?***

Секако. Во таа 1998 година започнавме навистина скромно. 26 години подоцна од изнајмени простории со многу ограничени можности за работа ја внесов својата фирма во сопствени простории, во новоизграден објект наменет исклучиво за потребите на фирмата. Тој момент засекогаш остана во мене извор на нова енергија и уште поголема самодоверба. Покрај Општата медицина, сега нудиме услуги од Интерната медицина, изработуваме лабораториски анализи, носиме доктори специјалисти од целата држава за нашите сограѓани да ги добијат овие услуги без да мора да патуваат, имаме аптека од која пациентите веднаш можат да ги добијат потребните лекови. Основната цел сеуште е наш водич и затоа постојано се стремиме кон технолошко и кадровско унапредување. Оваа цел никогаш не може да биде остварена до крај, но е одличен мотиватор за подобрување на нашите услуги. Затоа и нашето мото е НИЕ, ВИЕ И ЗДРАВЈЕТО.

***Во годината кога стартувавте со приватната здравствена установа колку беше раширена приватната здравствена дејност во Штип?***

Во тие години бевме многу малку и многу мали приватни ординации. Нормално, почетоците беа навистина тешки и беше исклучително комплексно да се придобие довербата на нашите сограѓани работејќи во систем кој беше навистина нестабилен и постојано се трансформираше.

***Како денес стои установата од кадровски аспект и од опременоста со апарати за квалитетно остварување на дејноста?***

Денес Прим. Д-р Самарџиски е развиена институција, која нуди многу медицински услуги на своите пациенти. Со 25 вработени лица, во моментот работиме со четири тима матични лекари, кои се во континуирана медицинска едукација, со кои успеваме да одговориме на потребите на голем број наши сограѓани. Нудиме палета на услуги од областа на Интерната медицина, целосно поткрепени со модерни и ефективни медицински апарати и софтвери, како и стручно образован кадар. Нашата Специјалистичка Дијагностичка лабораторија е опремена со најсовремена апаратура, со редовни надворешни контроли од европски лаборатории и извршува над две илјади видови на испитувања. Аптеката „Медифарм“ располага со сите потребни лекови со и без рецепти, палета на производи наменети за деца, како и производи од областа на здравата исхрана. Секоја година организираме крводарителски акции во соработка со Црвен Крст – Штип и институтот за трансфузиона медицина. Правиме организирани бесплатни контроли на шеќер во крвта, бесплатни контроли на крвниот притисок на кои досега имавме одличен одзив од нашите сограѓани. Секој Ноември, по повод месецот на машкото здравје, во соработка со Ротари клуб – Штип, организираме бесплатно тестирање на ПСА. Исто така сме и дел од практичната настава на нашите студенти од медицинскиот факултет во Штип, како и на учениците од нашето средно медицинско училиште. Како ординација секогаш бараме начин за унапредување, зголемување на услугите и квалитетот, обучување на нашите идни колеги и тоа е патот по кој продолжуваме понатаму.



***Отворивте и специјалистичката ординација по интерна медицина, кој беше поводот за овој деловен потфат и дали вашите пациенти го бараат тоа?***

Специјалистичката ординација едноставно беше нужност. Таа беше и сеуште е услуга со која на нашите пациенти значително им го подобруваме квалитетот на животот. Сега во нашата ординација, покрај вработените специјалисти носиме и „визитинг“ доктори, стручни во своите области, кои со своите знаења и искуства даваат услуги од специфични области на Интерната медицина. Денес покрај општиот интернистички преглед можете да добиете и специјалистички услуги од областа на кардиологијата, ревматологијата, ендокринологијата, пулмологијата и друго.

***Посебни сте и по две нешта-први во градот издадовте весник „Ние, вие и здравјето“, и први формиравте клуб за здравје со исто име „Ние , вие и здравјето“. Што сакавте да постигнете со едно а што со другото и дали целта ја остваривте?***

Списанието Ние Вие и Здравјето е лична моја идеја со цел да се вклучат многу колеги, доктори, фармацевти, студенти. Со свои трудови, статии, совети за пациенти истото беше печатено и давано како бес-

платни примероци на сите заинтересирани и наиде на одличен прием. По извесен период со млади ентузијасти - интернисти бев иницијатор на формирање Здружение на интернисти на Македонија и со големо задоволство го предадов на истото како промоција на здружението, а притоа останав главен и одговорен уредник.

Од друга страна, клубот за здрав живот е движење на луѓето кои со мали но револуционерни чекори се подготвени да го променат својот начин на живеење, кон поздрав и поквалитетен живот. Беше формиран со цел да ги поткрепиме нашите знаења со медицински основани докази и со поттик за правење на здрави и правилни животни одлуки. Тоа се мали, дневни одлуки кои овозможуваат да се постигне здрав животен стил. На пример, дебелината и прекумерната тежина се прифатени како болести на 21 век. Затоа ние сакавме да им помогнеме на пациентите и клиентите, кои се борат со истата, зголемувајќи ја нивната самодоверба и давајќи им сила да живеат со здрави навики, да го прифатат новиот начин на селектирање, подготвување и консумирање на храната. Бенефитите од имање и одржување на здрава (нормална) телесна тежина одат многу подалеку од зголемена психичка и физичка енергија и помал конфекциски број на облека. Основните насоки за тоа како функционира клубот се достапни на нашата веб страна www.primdrsamardziski.mk, а сите заинтересирани можат бесплатно да се зачленат во истиот во нашите простории секој работен ден.


Екипата на ПЗУ „Прим.д-р Самарџиски“

***Дали водите некаква статистика за тоа на колку пациенти во изминатите 26 години сте им пружиле здравствена помош...***

Точна бројка за сите 26 години немаме, но ако се земе во предвид дека годишно во Општата ординација се прават над 35 000 прегледи, над 6000 прегледи во Интерната медицина и се извршуваат повеќе од 20.000 лабораториски анализи годишно, можеме да заклучиме дека бројот на пациенти кои биле услужени во нашата ординација е доста обемен. Покрај овие бројки, за нас најважниот дел е што поплаките од пациентите се минимални, што укажува дека најголемиот дел од пациентите навистина се задоволни од услугите кои ги добиваат од наша страна.

***Од Вашата долгогодишна работа можете ли да ја информирате јавноста за тоа кои се најголемите здравствени проблеми на нашите луѓе и дали нашиот човек знае да си го чува здравјето?***

Голем дел од населението од источниот регион чувствува потреба за сигурна и брза временска услуга заради недостиг на здравствен персонал. Затоа нашиот персонал постојано расте и се надградува, со цел да овозможиме целосна услуга, превенција, дијагноза и лекување на клиентите. Податоците од институт за јавно здравје покажаа пораст на болестите во пост-ковид периодот, особено од областа на интерна медицина, поради што ангажиравме нов специјалистички стручен кадар, а во исто време набавивме и современа медицинска опрема и апаратура за навремено и ефикасно услужени пациенти.

***Вршите и стрес тестови, познатиот доктор Чепреганов велеше дека стресот ќе го „изеде“ нашиот човек, дали и од ваше искуство заклучувате дека во ова ново, модерно време стресот е една од најголемите причини за нарушување на здравјето на луѓето?***

Стресот е еден од главните причинители на болестите. Тоа е така уште од поодамнешни времиња, но потребата да се адаптираме на брзиот и стресен начин на живот и начините како да го контролираме истиот е секако нешто на кое треба сериозно да обратиме внимание и денес. Ова најдобро се решава со помош на стручни лица и совети, кои кај нас активно се вклучени од самиот почеток на формирање на ординацијата од страна на мојот татко невропсихијатар Борислав Самарџиски.

***Голем дел од населението од источниот регион чувствува потреба за сигурна и брза временска услуга заради недостиг на здравствен персонал. Затоа нашиот персонал постојано расте и се надградува, со цел да овозможиме целосна услуга, превенција, дијагноза и лекување на клиентите.***

***На фотографијата по повод 26 г. имате 22 жени и само 2 мажи...Дали е тоа структурата и дали жените се толку доминантни во здравството?***

Нашата ординација, водена од жена претприемач, навистина е народски кажано повеќе „женска“. Жените и по природа се со понагласена емотивност и емпатија па затоа можеби овде и треба да ја бараме причината за ваквата структура на ординацијата. Сознанието дека можеби не можеме да го промениме текот на настаните во нашето општество но можеме да го обликуваме според нашите потреби и да бидеме успешни и задоволни, е еден од најголемите предизвици со кои јас се соочив како жена во бизнисот. Докажав, со сопствен пример, дека женското претприемништво е огромен неискористен потенцијал и движечка сила, особено во услови на финансиска криза во општеството. Имало моменти кога немало доволно ни простор ни опрема за работа, а сепак тоа не се одразило на квалитетот на услугите и стимулацијата на вработените. Овие вредности ги препознавам и кај дамите вработени во Прим. Д-р Самарџиски, кои својата работа ја извршуваат борбено, страстно со голема доза на разбирање и емпатија. Сепак, независно од полот, кај нас сите вработени се овде затоа што се подготвени да жртвуваат дел од себе за да помогнат на некој на кој таа помош му навистина потребна.

# 100 години аеро клуб Штип, прв штипски пилот Борис Бојаџиски



Годинава Штип, на 3 март, одбележа 100 години од постоењето на Аеро клубот кој го носи името на градот. По повод овој неверојатен јубилеј разговараме со Митко Петешев, претседател на клубот.

-Да се освојуваат воздушните простори била исконска желба односно стремеж на човекот со крилја да ги совлада воздушните пространства и низ нив слободно да лета како птица. Само 20 години после првиот лет на браќата Рајт, Никола Алексов, Матеј Шварц и Фердо Градишник како иницијатори, заедно со група млади и напредни луѓе од градот, го формираат Аеро Клубот. Тоа се случило на 3-ти март 1924 година, вели Петешев.




Веднаш потоа, се формирала и моделарска секција со првите наставници Мијалче Влахчев и Лазо Малински. Основна задача на клубот тогаш била организирање на пропагандни активности заради омасовување на членство и симпатизери.По Втората светска војна активноста на клубот ја продолжиле Мирче Стаменков како претседател,Лазо Рунтев како секретар, Александар Коцанов како наставник.

-Според архивите на Воздухопловната Федерација на Македонија и Аеро Клубот, прв воздухопловец од нашиот град бил Борис Бојаџиски кој обуката ја завршил во 1927 година и заедно со Киро Аџи Арсов, Киро Златков, Тодор Михајлов, Димитар Трпков, Јордан Ангелов се првите



**Петешев, професионален пилот и инструктор**

пилоти од Штип, а воедно и од Република Македонија, а по Втората светска војна пилотите Вито Кукушев Ристо Шијаков, Будо Ѓурков и Трајчо Ѓоргиев. Периодот што следи потоа воздухопловството генерално доживува подем, посочува Петешев.

Во изминатите децении низ школите на клубот поминале илјадници членови во сите воздухопловни гранки: моделарство, падобранство, едриличарство и моторни пилоти. За успесите и резултатите на Аеро Клубот Штип од минатиот век да не се заборават се погрижи членот и почесниот претседател д-р Тодор Кралев, кој во

2009 година ја напиша книгата “Синиите момчиња од Штип”, по повод 85 години од постоењето на Аеро Клубот Штип.

Во 2013г Аеро Клубот Штип – Штип е добитник на престижната награда “PAUL TISSANDIER”, од страна на светската воздухопловна асоцијација FAI за посебен придонес во развојот на воздухопловството. 100 години Аеро Клуб Штип – Штип. –„Не случајно се наоѓаме на врвот на воздухопловната пирамида како организатори




Еден од авионите на Аеро клуб Штип



Падобранска секција на Аеро клубот



Пилоти и обожаватели

со над 100 натпревари и учесници на преку 150 првенства во домашни и меѓународни натпревари на сите воздухопловни дисциплини на кој сме добитници на над 500 пехари и медали како во екипна така и во поединечна конкуренција“, коментитра првиот човек на клубот.

Денес членовите од воздухопловната школа на Аеро клубот Штип се вработени како пилоти и механичари во АРМ, МВР, ДЗС и Владата на РМ. Во недостаток на државна Авио копанија, пилотите егзистенцијата мораа(т) да ја бараат надвор од нашата држава на повеќе континенти.

***Само 20 години после првиот лет на браќата Рајт, на 3-ти март 1924 година, Никола Алексов, Матеј Шварц и Фердо Градишник како иницијатори, заедно со група млади и напредни луѓе од градот, го формираат Аеро Клубот. Како прв пилот од нашиот град историјата го бележи Борис Бојаџиски.***

Митко Петешев велки дека по повод големиот јубилеј, на 20-ти и 21-ви Април годинава, клубот ќе организира едриличарски натпревар на спортскиот Аеродром Штип, каков што не е одржан од 2000-та година во нашата држава.
На општествени организации и поединци кои дале свој придонес во афирмација на Аеро Клубот, ќе им бидат доделени плаќети, признанија и благодарници. Отварањето на манифестацијата ќе биде прос- ледено со мал Аеро митинг. Како дел од манифестацијата во фоајето на Домот на културата во Штип, ќе биде поставена изложба на стари фотографии по повод 100 години постоење на Клубот.


ФЛИПНИ
И УЖИВАЈ
СТОБИ ФЛИПС


KitGomarketi
КУМАНОВО
ПРОБИШТИП
СКОПЈЕ
М. КАМЕНИЦА
ДЕЛЧЕВО
КОЧАНИ
ПЕХЧЕВО
ШТИП
ВЕЛЕС
БЕРОВО
РАДОВИШ
НЕГОТИНО
СТРУМИЦА
КАВАДАРЦИ
ГЕВГЕЛИЈА
КИТ-ГО Маркети
Вкусно
Baron
ТЕРА
Donna

# Животот е поетски предизвик, низ него не треба да се минува мижејќи



Разговор со поетот Ристо Лазаров

Серијата текстови под наднаслов „Библиотекари" ја продолжуваме со интервју со истакнатиот македонски поет, штипјанецот Ристо Лазаров. Интервјуто го правеа библиотекарите Тодор Џидров и Јована Рилак.

**Г-дин Лазаров кажете ни нешто за Вашето детство. Што сонувавте да бидете како дете?**

Благодарам на поканата. Штом е од Штип, нема двоумење. Последниве 10-12 години избегнувам секакво појавување во јавноста. Доста е, ако беше за аир. Сега сум исцело даден на поезијата. Секоја година, нова стихозбирка: да излезе на виделина она што со децении сум го потиснувал. Стварноста и животот се еден бескраен извор со недоброј предизвици.

**Кои писатели во раното детство ја уживаа Вашата доверба? Кои литературни дела би им препорачале на денешните деца?**

Верувам дека одговорот го има во архивите на Градската библиотека "Гоце Делчев" и во фабриката на "Македонка".А верувам дека претпоставувате: Винету, па книгите на Зен Греј, Том Соер… голтав сè што ќе ми препорачаа библиотекарките Наде и Наде – во двете библиотеки, па Киро... Читав навистина многу што библиотекарите ги тераше одвреме навреме да ме испрашуваат за книгите што ги читав. Тогаш немаше книга што не ја дочитав. Таа сплотеност со книгата понекогаш одеше и на сметка на палавите детски игри, ама не можам да речам дека бев жртва во тој натпревар.

**Какви беа Вашите книжевни почетоци? Кога и како настана Вашата љубов кон пишувањето? Дали отсекогаш сте сакале да бидете писател?**

Еднаш реков: просто и едноставно – учев во осмолетката "Димитар Влахов", македонски јазик ми предаваше покојниот Ѓорѓи Доцев. Се случи така што еден ден ме фати за рака и ме воведе во литературата. Неодгатлив е тој ден. А определбата за литературата, се профилира подоцна, на младини.

**Во што наоѓате инспирација кога пишувате? Како се одвива вашиот процес на пишување и творење? Што е потешко за писателот, да го напише почетокот на книгата или крајот?**

Не знам да одговорам на ова прашање. Животот е поетски поттици и предизвици и не треба низ него да се минува мижејќи. Има за секого по нешто, само треба да се биде упорен трагач. Кај мене сè поаѓа од мигот кога ќе го искамчам бараниот збор. Потоа на него се редат и други зборови, како цреши на суџук…

**Како би ја дефинирале денешната македонска книжевност?**

Млада, свежа, полетна, пробивна. Гоце Смилевски и Лидија Димковска веќе на големо се европски автори, по нивните стапки врват и Петар Андоновски, Румена Бужаровска… Мојата генерација влегува во својот животен залез, ама во книгите ја потврдува вредноста на зрелите години… Би се радувал кога најмладите повеќе би ги читале нашите класици.

**Дали сè уште се радувате на книга како подарок? Дали го знаете бројот на книги во Вашата библиотека? Кога би требало да земете само една книга со себе на пуст остров, која книга би била тоа?**

Најмногу се радувам на книгата како подарок. А и никому не му подарувам ништо друго освен книга, дури и за свадба. Многу книги се натрупани во мојот дом. Исто толку подарив на библиотеката "Браќа Миладиновци" во Скопје. На пуст остров немам намера да одам, а кајшто одам – не одам само со една книга.

**Кога ќе погледнете зад Вас, што сфативте дека е најважно во животот, дали е тоа можеби љубов, здравје или нешто сосема трето?**

Здравјето пред сè, така вели еден слоган. Слогата, сплотеноста, довербата…

**Врз основа на животно и писателско искуство, што би имале да им кажете на помладата генерација писатели кои штотуку тргнуваат на тој пат?**

Да читаат, да читаат и со ококорени очи да врват во секојдневието и да ги откриваат неговите вредности и тајни.



Јована Рилак и Тодор Џидров



Пишува:
М-р Трајче КАЦАРОВ, писател

# КИБИЦИ И КИБИЦЕРИ

Имам пријател кој кафеаните и ресторантите ги дели според келнерите. Кога велам според келнерите не сакам да кажам според услугата, туку според тоа како гледаат на гостите. Пријателот воопшто нема лоши особини, дури има пријатен изглед . Разговорлив е и духовит. Но, ете, мисли дека келнерите не го гледаат како што треба.

Оддамна, во моја прва младост, кога влегувањето во некоја кафеана или ресторан беше како освојување на планински врв, не еднаш сум бил сведок на препирање на мажи седнати не на иста маса. Скокаат од столиците со сета срџба што ја имаат во себе и одат еден кон друг.

-Што ме гледаш бе? – вели, да речеме покрупниот

-Ти мене ме гледаш, не јас тебе. – му одговара другиот, да речеме послабиот.

-Не ми кажувај кој кого гледал, туку кажи зошто ме гледаш?

-Тоа треба ти да ми го кажеш.

И пред да се разлетаат тупаници во воздухот како предвесници на крвава вечер, келнерите интервенираат. Ги разделуваат и ги враќаат на своите места. Во една таква сценка бев учесник и јас. На излегување по гоштевањето во кафеаната ми пријде човек со длабоко набиен качкет над очите.

-Треба да ми објасниш зошто за цело време гледаше во мене? –ми рече.

-Морам да ти кажам дека сега за првпат те гледам. – му реков. Бев искрен.

По кратката расправија излезе дека тој гледал во девојката што седеше со мене на масата. Таа не му возвраќала на погледот, па вината ја нашол во мене.

Од овие примери и од милиони други, овде не изнесени, можеме да заклучиме, се разбира без заклучување, дека луѓето не прават ништо друго освен што гледаат едни во други.

Во спортот гледачите се нарекуваат навивачи, во уметноста публика, во политиката гласачи. Не можат едни без други. Експлицитно за тоа зборува и филмот на Де Палма, „Полека удирај го тапанот„ (1973) во кој главана улога ја игра Роберт де Ниро. Бејзбол играчот пред да умре бараше да биде нечија перцепција, сериозна перцепција. Холивудската ѕвезда Ал Пачино, после претставата во која учествувал на сцената на Бродвеј, откакако видел дека очите кои за цело време додека бил на сцената биле вперени во него се кучешки, не се збунил, туку рекол: „За нечии очи треба да се игра.“

Како човек кој триесетина работни години ги поминав во театарот можам да кажам дека атмосферата во театрите, поготово во помалите, театрите во внатрешноста, ќе се промени кога актерите ќе сфатат дека за нечии очи треба да се игра. Односно кога тие ќе бидат очите за кои треба некои да играат.

Театарот колку што се гледа од сцената, толку се гледа и од партерот. Магистрирав на тема „Двонасочната релација театар публика“ во која ја бранам тезата дека публиката кога оди на театар оди на работа, т.е. дека таа е активен актант во секоја театарска претстава. Таа кибицира но, и сака да биде кибицирана.

Репертоарот во театарите не го прават уметничките директори заедно со менаџерите, туку актерите во повеќе случаи по диктат на режисерите. Во ниту еден момент додека го кројат не помислуваат на публиката на нејзиниот кибиц. А кога претставата нема да успее, се однесуваат како оној кој ме пресретна на излезот од меаната и ме праша зошто сум го гледал?

Тоа што актерите под влијание на режисерите го прават репертоарот во театарите не е греда. Не е греда зашто лесно може да се отстрани. А се отстранува со натпис што ќе стои над секоја влезна врата во театрите. Најдобро е ако со своја рака го напише Никита Михалков (зошто токму тој, во друга прилика): СЕ ЗАБРАНУВА ВЛЕГУВАЊЕ ВО ТЕАТАРОТ НА АКТЕРИ И РЕЖИСЕРИ КОИ СИ НОСАТ ЧЕРГИЧЕ ПОД МИШКИТЕ.

Ако е тешко да се спроведе кај вработените на неодредено време, тогаш нека се ограничи. Па, креативците, наместо на неодредено нека бидат вработени на одредено време. После секоја измината година да се спроведува реаудиција, односно да се проверува дали се подготвени да ја почитуваат публиката како што и таа нив. Кибиц за кибиц.



Пишува:
Роберт Аџипетров

# „Ехо во празни ходници“ – се помал број на ученици во средно образование

Периодов актуелни се уписите на ученици во задолжителното средно образование. Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта во учебната 2024/25 година е објавен на веб страницата на Министерството за образование и наука. Училиштата интерните огласи ќе ги објават најдоцна до 19 април 2024 година. На прв поглед, стандардна, законски регулирана постапка за почеток на уште една нова учебна година. Но, дали училиштата се подготвени, ќе имаме ли успешна генерација која ќе се памети, колку од учениците ќе бидат гордост на нашите училишта, нашиот град и нашата Македонија?

Во Штип има вкупно шест средни училишта, државниот музички центар „Сергеј Михајлов“, центарот за специјално средно образование „Искра“ и четири средни општински училишта: СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“, СОУ „Коле Нехтенин“, СОУ „Јане Сандански“ и СОУ „Димитар Мирасчиев“. На објавениот конкурс во училиштата (исклучок „Искра“) се предвидени вкупно 855 слободни места во 2024/25 година.

Подготвеност на училиштата е на високо ниво, што одговара на епитетот на градот – **образовен центар на истокот на Македонија**. Поединечно, секое од овие училишта има улога на лидер во својата област. Гимназијата „Славчо Стојменски“ е гордоста на градот и дефинитивно најдоброто место за секој средношколец кој себеси се гледа како гимназијалец. **Историјата, достигнувањата како и кадарот со кој што располага штипската гимназија долги години ја градат репутацијата на ова училиште како едно од најдобрите во државата.** Во учебната 2024/25 година се предвидени 238 слободни места. **Средното училиште „Коле Нехтенин“ нуди стручно образование преку машинска, електротехничка и угостителско-туристичка струка - широка палета на профили кои сами по себе се препорака зошто да го изберете ова училиште**. Вкупниот број на слободни места во ова училиште е 254 ученици. Кога зборуваме за стручно образование во полето на медицината, Штип може да се пофали со **„Јане Сандански“, училиште кое во делот на медицинското образование е центар на истокот на државата**. Бројот на слободни места во ова училиште е 202 во следниве профили: медицинска сестра, забен техничар, фармацевтски техничар, физиотерапевтски техничар и гиниколошко-акушерска сестра. **Штип како град на текстилот може да се пофали и со средното текстилно училиште „Димитар Мирасчиев“** кое нуди 93 слободни места во текстилно - кожарска струка. **Државниот музички училишен центар „Сергеј Михајлов“ Штип нуди 68 слободни места распоредени во делот на музичката теорија и изведувањето.**

Имајќи го во предвид главниот проблем во нашата држава – иселувањето, логично е прашањето колку од 855 слободни места ќе бидат пополнети од „полуматурантите“? Анализата на основните училишта во Штип, покажува дека вкупниот број на деветоодделенци е 388. Под претпоставка овие ученици да останат во нашиот град, би пополниле само 45% од слободните места во средните училишта. Поразителен процент, имајќи го во предвид квалитетот, но и предностите кои ги нуди градот како центар на истокот за идните средношколци.

***Промоцијата на училиштата во Штип носи бројни придобивки за нашиот град, но во исто време максималното искористување на квалитетот и носи бројни придобивки и на целата држава. Наша заедничка одговорност е „ехото“ во училиштата во Штип да не биде во празни ходници!***

Има ли решение проблемот кој и тежи на цела држава? Солуцијата на проблемот е во активности со кои би се привлекле ученици од околните општини. „Грубо“ решение, но во услови кога бројот на ученици е се помал, натпреварот помеѓу училиштата е неизбежен. **Училиштата во Штип го имаат потребниот квалитет, понудените струки/профили во стручно образование сами по себе се повеќе од атрактивни, а гимназиското образование во една од најдобрите гимназии во државата е референца само по себе**. Неопходно е сите заедно да бидеме гласноговорници на овие факти, а со цел максимално искористување на капацитетите. Промоцијата на училиштата во Штип носи бројни придобивки за нашиот град, но во исто време максималното искористување на квалитетот и носи бројни придобивки и на целата држава. Наша заедничка одговорност е **„ехото“ во училиштата во Штип да не биде во празни ходници**!

**(Авторот е раководител на Одделението за образование при Општина Штип)**

# Градот ја доби првата катна гаража



Штип е првиот град во регионот, а и нешто пошироко кој изгради катна гаража за полесно справување со големиот проблем од недостиг на места за паркирање на возила. Првата изградена катна гаража е на локација до Домот на култура „Ацо Шопов“. Градоначалникот Иван Јорданов појасни дека инвестиција е нешто повеќе од 10 милиони денари, а штипјани добиваат можност да користат дополнители 55 паркинг места.



„Овој простор го уредивме рационално градејќи катна гаража на две нивоа. Со ова сообраќајно решение се дуплираат паркинг позициите и на оваа површина имаме 55 паркинг места, кои веќе се во функција. Повеќе од десет милиони денари се инвестирани од буџетот на Општина Штип, од парите на граѓаните, истакна Јорданов.

Но, процесот на решавање на проблемот со недостиг на паркин места во строгиот центар на градот не застанува само на овој проект. Во текот на оваа година ќе се работи и на уште три нови локации, кои ќе бидат уредени како катни гаражи. Ќе се уредува паркинг простор на две нивоа, едната е веќе започната, веднаш до стоковна куќа „НАМА“. Општинската власт планира во текот на оваа година да започне со изградба на катна гаража и кај зградата „Промаја“, а таа ќе биде на три нивоа.

***Годинава ќе се градат уште две катни гаражи, едната е веќе започната и е веднаш до стоковна куќа „НАМА“, втората е планирана кај зградата „Промаја“, а таа ќе биде на три нивоа.***

„Во втората половина од тековната година согласно проекциите и динамиката на реализирање на истите планираме да започнеме со уредување на улицата „Ванчо Прќе“ за истата да ја пренамениме во отворена пешачка зона“, порача градоначалникот Иван Јорданов.

# Реконструкција на бања „Кежовица“




Делумна реконструкција, тековно одржување и уредување на просториите на бања „Кежовица“ ќе се извршува во наредниот период. Активностите ќе се одвиваат во две фази, за кои се издвоени по 2,5 милиони денари. Моментално се работи на првата фаза-реконструкција на кровната конструкција, а потоа ќе се пристапи кон внатрешно реконструирање и уредување на бањата.

„Во првата фаза се издвоени 2,5 милиони денари за реконструкција на кровот, за ново парно затоплување во рамки на самата бања, во холот и во соблекувалните, нова електрика, осветлување, замена на елементите, нова фекална канализација. Во втора фаза со 2,5 милиони денари ќе се реконструира сместувачкиот капацитет кој е со 11 соби во кои има 30 легла“ изјави градоначалникот Иван Јорданов.

Во меѓувреме се работи на Детален урбанистички план со што ќе се уредува просторот околу бањата. Инвеститори овде ќе имаат можност да вложат во изградба на дом за стари лица, хотел, сместувачки капацитет...Услов е да продолжи да работи Општата бања со цени како постоечките за таа да може да се користи од страна на граѓаните. Годинава локалната власт интезивно работи и на изработка на ДУП за земјиштето околу бањата со цел да се испланира маркици за хотелско сместување, дом за стари лица, времено домување...

Поради овие зафати бањата нема да работи десет дена.



Пишува:
д-р Даница Фичорска,
специјалист физијатер
во пензија

# Неверојатни приказни од лекарската ординација

**Во „главната уло-га“ д-р. Стојан Маролов, специ-јалист за уво, нос и грло**

Ако после долги години го отвориш лекарскиот дневник кој секогаш стоел во работната маса и регистрирал се што се случило тој ден ќе те потсети на неверовантни приказни кои си ги заборавил. Имало денови кои се одбележани само со Б.О. (без особености), кога се било секојдневно, и денови кои се забележувале со години следејќи нечија судбина.

Денеска ќе проследам една вртејќи ја од првата до последната страница.

Април 1995-та година:

Ординацијата работи со полна пареа. Се редат пациенти еден по еден. Меѓу нив забележувам стар пријател на мојот татко.

Чичко Маринко, - го повикав – ајде влези.

Докторке, имам реума. Колената ме болат, де едното, де другото.

Да напишам терапија или ќе останеш за рехабилитација?

Да бидам искрен, јас дојдов за нешто друго.

Те слушам чичко Маринко.

Ти знаеш имам два сина и една ќерка. Помалиот се ожени, ќерка ми се омажи, но најстариот заврши економски факутет и сега е директор на банка.

Во што е проблемот?

Сине, тој остана сам. Нема девојка, нема другари, секогаш е замислен и тажен.

Не ми е јасно. - реков.

Докторке, од носот постојано му излегува смрдеа на расипано месо и сите се тргаат од него. Одеше на лекар, му даваа капки, масти, но ништо не помогна. Има ли лек? Што да се прави? - рече очајниот татко.

Нека дојде. - му реков.

Го вртам дневникот, поминале десет дена од тогаш. Се сеќавам во чекалната остана последниот пациент.

Влези – му реков.

Кога влезе го почувствував мирисот, несвесно се тргнав и се сетив. Го погледнав во лицето, беше црвено, а очите насолзени.

Јас сум Саве, синот на Маринко.

Одиме – му реков. И отидевме кај доктор Стојан Маролов.

Тој веднаш го прегледа и онака храбар и одважен длабоко влезе со инструмент во неговиот нос. Одеднаш слушнав како нешто цврсто удри во бубрежњакот, во кој докторот ставаше парчиња ткиво и многу крвав памук.

Еве го ова – ми рече д-р. Стојан – однеси го на патологија.

Саве доаѓаше во уште неколку наврати на контрола. Ми рече дека сега е добар, а мирисот се изгубил.

Еден ден доктор Газепов, малку лут, ми подвикна: Ми донесе материјал пред три месеци за патологија и не ни праша што е!

Мислев нешто калцифицирано, неопасно – одговорив.

***Го вртам дневникот, Саве го нема. Тој повеќе никогаш не се јавил. Разбрав дека се оженил и создал среќно семејство. Можеби д-р. Стојан Маролов не се ни сеќава, но дневникот запамтил. Точно било тоа дека не се случило само она што не било запишано.***

Колешке, семка од цреша, која најверојатно уште како дете ја напикал во носот и таму останала.

Го вртам дневникот, Саве го нема. Тој повеќе никогаш не се јавил. Разбрав дека се оженил и создал среќно семејство. Можеби д-р. Стојан Маролов и не се ни сеќава, но дневникот запамтил.

Точно било тоа дека не се случило само она што не било запишано.

## Донација од „Телекабел“ за бања „Кежовица“

Бањата „Кежовица“ има 13 соби за гости од други градови кои ги користат нејзините услуги, но досега немаше можност гостите, додека престојуваат во бањата, да можат да користат ТВ услуги во своите соби.

Од овој месец и таа пречка е надмината. На молба на бања „Кежовица“ за донација позитивно одговори компанијата „Телекабел“.

-Телекабел бесплатно обезбеди на бањата бесплатен интернет и техничка можност за следење на ТВ канали во сите 13 соби. Со овој чин престојот во бањата на сите нејзини пациенти ќе биде многу попријатен.

Инаку, мнгумина од пациентите со себе си носат телевизори од помал формат но немаа можност за следење на било каква програма.

Раководството на бања „Кежовица“ се заблагодарува на Телекабел за донацијата со кој им се разубавува престојот на гостите.

Седат двајца пензионери на клупа во парк, а покрај нив минува млада, атрактивна жена.
-Што би дал сега да си на 30 години, му вели едниот на другиот пензионер.
-Абе ти не си нормален за пет минути задоволство одново да рмбам 40 години, одговорил другиот и си ги продолжиле пензионерските приказни.

● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ●

Трпана оди кај Трпе кој се наоѓа во затвор. Потоа оди кај началникот:
– Дали може на маж ми да му најдете некоја полесна работа?
– Госпоѓо, од лепење на марки на писмата нема полесно…
– Чудно, мене ми се пожали дека копа подземен тунел….

● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ●

Трпе на телефон со брза пошта:
– Кога ќе ми ја донесете пратката?
– Помеѓу 9 и 16 часот. А вие на кој спрат бевте?
– Помеѓу 1 и 12 спрат…

Беровец си купил моторна пила „Штил“. По една недела, компанијата добива писмо од Беровецот:
„Јас од вас купил моторна пила. Во упатството пишува дека може да сече по 50 кубика дрва на ден. Јас сечев цел ден – 20 кубика. Наредниот ден станав многу рано, цел ден сечев, без одмор, многу се изнамачив, но пак успеав да исечам само 30 кубика. Дојдете да видите зошто мојата моторна пила не работи како што треба!“
Од компанијата решиле да отидат да видат, бидејќи никој до тогаш им немал пријавено таков проблем. Отишле во Берово, го нашле човекот и тој почнал да сече пред нив. Исекол неколку дрва и им рекол:
– Еве! Цел ден сечам вака и одвај 30 кубика. Никако не можам да исечам повеќе!
Едниот од комисијата му вели на другиот:
– Што ли ќе се случи сега кога ќе му кажеме како се пали…?



# Прва куп титула за одбојкарите на УГД Штип

Одбојкарите на УГД Штип ја освоија првата Куп-титула во историјата совладувајќи го тимот на Струмица во големото и полно со драматика финале со конечни 3-2 (22-25, 25-22, 19-25, 25-21, 15-13) во сетови. Штипската екипа прикажа одлична и мотивирана игра против тимот на Струмица кој беше фаворит и сосема заслужено го освоија купот и големиот пехар.

Треба да се знае дека струмичани сезонава во првенството ниту еднаш не одиграа меч со пет сета, а тоа како да внесе мала несигурност во нивните редови на финалниот натпревар. Штип УГД прикажа максимално фокусиран пристап и како резултат на таквиот пристап дојде големата победа над фаворизираниот противник.



Во финалето најдбри во штипската екипа беа Задмард со 26 и Алексов со 21 поен, а кај Струмица најефикасен беше Ом Хени со 28 поени. Ова е прва титула за било кој одбојкарски клуб од Штип. Со оваа победа штипјани ја прекинаа серијата од седум последователни трофеи на струмичлани во купот на Македонија во последните седум години.

# Пратеникот Никола Мицевски ја заврши судиската кариера во одбојкарскиот спорт



Никола Мицевски од Штип, пратеник со два мандати во Собранието на Македонија, шеф на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, месецов ја заврши богатата судиска кариера во одбојкарскиот спорт.Мицевски го судеше финалето на Купот на Македонија кое се одржа во Штип, а по завршување на средбата доби пригодни подароци и признанија.

„Величествено завршување на  дел од моето хоби, кое што непланирано стана составен дел од мојот  живот“, рече Мицевски и додаде:

• 31 година “Национален одбојкарски судија” во лигите на ОФМ

• 23 години “Меѓународен одбојкарски судија” на CEV и FIVB

• 150 официјални меѓународни натпревари

• 3 финалиња на меѓународни европски купови

• 2 Европски првенства

• 1 Светско првенство, и многу дестинации, нови пријателства и незаборавни моменти на одбојкарските терени.

• Голема благодарност за вчерашниот ден и огромната почит и внимание од Одбојкарска Федерација на Македонија, Судиска организација на ОФМ, моите колеги од МО Штип, Општина Штип и сите присутни  во салата на вчерашниот финален натпревар од “Купот на ОФМ за 2024” за сета чест која ми ја направија.

Мицевски во својата богата кариера ја делеше правдата на три финалиња во европските купови, две Европски првенства, едно Светско првенство. Со преку 150 меѓународни натпревари ќе остане запаметен како еден од најдобрите претставници на македонската одбојка на светско ниво.

# ТР-МР




**Размислува: Iv. BOJ**




...Освен ако не си
во високите ешалони на власта!

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2 | | 6 | 4 | | 3 | 7 | 5 | 1 | 2 | 9 |
| | | | 1 | | 3 | 9 | 6 | 4 | | 5 | |
| 3 | 6 | 4 | 9 | 7 | 5 | | | | | | 4 |
| 6 | 9 | | 2 | 1 | 4 | 5 | 8 | 7 | | | 6 |
| 1 | | 2 | | 5 | 7 | 4 | 9 | 6 | | 1 | |
| 4 | 7 | 5 | 8 | 6 | 9 | | 3 | 2 | | 4 | 7 |
| 2 | 1 | | 5 | 8 | 6 | | 4 | | 2 | | 1 |
| 7 | | | 4 | 9 | 1 | | 5 | | 6 | 7 | 3 |
| 5 | | 8 | 7 | 3 | | 6 | 1 | 9 | | 8 | 5 |
| 3 | 2 | 4 | 1 | | 8 | 9 | 6 | 5 | | | 4 |
| | 6 | 1 | 9 | | 5 | | 7 | 4 | | 6 | 8 |
| | 5 | 7 | | 4 | | 8 | 2 | | | | 9 |




## ИМПРЕСУМ

**Издавач: Медиум Боја 43 – Штип**
**Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:**
**Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип**

**Одговорно лице: Иван Бојаџиски**

**Излегува еднаш месечно**
**Првиот број излезе во месец април, 2009 година**
**Главен и одговорен уредник:**
**Иван Бојаџиски 078/375582**

**Графички уредник:**
**Јорданчо Бојаџиски, 078/473094**

**Овој број е отпечатен на 29.03.2024 година**
**Тираж: 1.000 примероци**

**Ж-ка: 290000002136767**
**Едб:4029019522191**
**Т.Т.К. банка А.Д. Скопје**
**Годишна претплата: 180 денари.**

**Печати: Европа 92-Кочани,**
**ул. „Крижевска“ бр. 52**

**За Штипски глас**
**се плаќа повластена даночна стапка од 5%**

**ISSN 2545-4498**
**Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски**

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .



| Ш.Г. | **Пејачка на фотосот** | Муслим. машко име | Група инсекти во лет (мн.) | Пејачката Гиева | Екс фудбалер Алфредо | Речник на некое наречје | Шеф на женски чорап |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Место во Хрватска | | | | | | | |
| Спартански крал | | | | | | | |
| Воспаление на материцата | | | | | | | |
| Планинс. премин во Македонија | | | | | | | Пејачка Сумак |
| Пејачка Малинова | | | | Англ. сликар / Вилијам Класа инсекти | | | |
| Норвешка | | Драма од Молиер | Шахистот Гелер / Црвени | | | | |
| Декорат. елемент во индис. архитектура | | | | | | | |
| Град во Италија | | | | | | | Потикнувачи |

| Ш.Г. | Луѓе кои првпат настапуваат јавно | Хемиски елемент (метал) | Метар | Најјака карта (мн.) | Атомски јадра со ист број неутрони, а различен број на протони / Јеуначка песна | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Шаховска фигура | | | | | Машко име / Ербиум | | | | | | Вид папагал | Согласка / Челичарница | |
| Шпански граматички член | | | Депоненти / Град во Гвинеја | | | | | | | | | | |
| Главен град на Романија | | | | | | | | | Жител на една европска држава | | | | |
| Посед | | | | | Фр.филоз. Гијом / Пејачка Дијон | | | | Шпан. сликар Салвадор / Хемиски елемент | | | | |
| Америк. артист Рој | | | | | | Пар.един. во С. Кореја мн. / Госпоѓа (грч) | | | | | Иве Јеролимов / Вид минерал | | |
| Сликарка Темкова | | | | Тимови / Орце Николов | | | | | | Река во Литванија / Жирардо | | | |
| Српски артист Драган | | | | | | | | Мерка за скапоцен. / Музичка нота | | | | | |
| Ср. вековен витешки натпревар | | | | | | | Ам. артист Роберт / Азот | | | | | | |
| Град во Етиопија | | | | Многу мала течност за мерка | | | | | | | | | |

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ

*по најповолни цени...*



НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22

www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA